# Службен весник на Република Македонија

**Број 7** **11 јануари 2013, петок** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 264. | **Решение** за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје................................................. | **2** |
| 265. | **Оглас** за избор на еден член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија што го избира Собранието на Република Македонија..................................................... | **2** |
| 266. | **Исправка** на Законот за доброволно здравствено осигурување............ | **2** |
| 267. | **Правилник** за начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма................ | **3** |
| 268. | **Правилник** за начинот и постапката на наплата на побарувањата во билансот на Агенција на Република Македонија за управување со средства од фондовите и јавните претпријатија..................................... | **3** |
| 269. | **Правилник** за формата, содржината на образецот и начинот на водење на регистарот за вршење на општокорисна работа....................... | **4** |
| 270. | **Одлука** за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје без ограничување на траење на мандатот...................... | **6** |
| 271. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас................. | **6** |
| 272. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас. | **10** |
| 273. | **Одлука** за одземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија со екстра лесно масло ЕЛ-1.................................... | **13** |
| 274. | **Одлука** за одземање на дел од лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.............................. | **13** |
| 275. | **Одлука** за неодземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт........................................... | **13** |
| 276. | **Одлука** за одземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт–трговија со екстра лесно масло ЕЛ-1 и Еуродизел БС....... | **14** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 277. | **Одлука** за одземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт–трговија со екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1, Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-Е V)........ | 14 |
| 278. | **Одлука** за одземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива | 14 |
| 279. | **Одлука** за примена на цена за вршење на дејноста производство на топлинска енергија........................... | 15 |
| 280. | **Одлука** за примена на цена за вршење на дејноста дистрибуција на топлинска енергија........................... | 15 |
| 281. | **Одлука** за примена на цена за вршење на дејноста снабдување со топлинска енергија........................... | 15 |
| 282. | **Одлука** за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на Трговско радиодифузно друштво МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово................................ | 16 |
| 283. | **Решение** за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје...................... | 17 |
| 284. | **Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа............... | 19 |
| | **Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои се придржува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ** | |
| 1. | **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката 2012/634/ЗНБП на Советот од 15 октомври 2012 година за изменување на Одлука 2011/782/ЗНБП, за рестриктивни мерки против Сирија........ | 2 |
| | **Огласен дел.......................................** | **1-120** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**264.**

Врз основа на членовите 12 став 1 и 16 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011 и 142/2012), претседателот на Собранието на Република Македонија на 11 јануари 2013 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

I

Се распишуваат избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

II

Изборите ќе се одржат на 24 март 2013 година.

III

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Македонија".

IV

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија, општинските изборни комисии, за градот Скопје Изборната комисија на градот Скопје и избирачките одбори.

V

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-180/1<br>11 јануари 2013 година<br>Скопје | Претседател<br>на Собранието на Република<br>Македонија,<br>**Трајко Вељаноски,** с.р. |

**265.**

Врз основа на членот 14 став 1 алинеја 3, а во врска со членот 6 алинеја 5, членовите 15 и 32 став 1 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/2011), претседателот на Собранието на Република Македонија, на 10 јануари 2013 година, распиша

## О Г Л А С
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ШТО ГО ИЗБИРА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија ќе врши избор на еден член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.
2. Заинтересираните кандидати, универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници, пријавите со потребните документи во оригинал или копие заверено на нотар, да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Огласот во „Службен весник на Република Македонија“.
3. Овој оглас ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весниците „Дневник“, „Вечер“ и „Лајм“.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-150/1<br>10 јануари 2013 година<br>Скопје | Претседател<br>на Собранието на Република<br>Македонија,<br>**Трајко Вељаноски,** с.р. |

**266.**

По извршеното срамнување со изворниот текст Законодавно-правната комисија утврди дека во текстот на Законот за доброволно здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 145/12) е направена техничка грешка поради што се дава

**ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Во членот 3 став 2 наместо зборовите: „не е животно“, треба да стојат зборовите: „е неживотно“.

Број 10-169/1
11 јануари 2013 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**267.**

Врз основа на член 469 став (6) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма, за субјектите кои сметководството го водат согласно Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување и усвоениот меѓународен стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Член 2

Субјектите од член 1 на овој правилник, поднесувањето на годишната сметка во електронска форма можат да го извршат преку интернет, на веб-локација на Централниот регистар на Република Македонија за што на подносителите ќе им се одобри пристап до Системот за електронско поднесување на годишни сметки (во понатамошниот текст: Систем) со користење на единствено корисничко име и лозинка.

Член 3

Субјектите од член 1 на овој правилник за поднесување на годишната сметка во електронска форма треба да поседуваат:

- валидна адреса на електронско сандаче за примање и праќање на електронска пошта;
- квалификуван дигитален сертификат, заради потврда на идентитетот на подносителот и електронски потпис на лицата овластени за потпишување на годишната сметка и
- платежна картичка наменета за интернет трговија поддржана од Casys интернационален картичен систем.

Член 4

Субјектите од член 1 на овој правилник поднесувањето на годишната сметка во електронска форма ќе го вршат со користење на единствено корисничко име и лозинка за пристап до Системот и со директно пополнување на обрасците на билансните шеми во електронска форма.

Годишната сметка во електронска форма се поднесува доколку истата е електронски потпишана со валиден квалификуван дигитален сертификат на лицата овластени за потпишување на годишната сметка и податоците во обрасците на билансините шеми од годишната сметка се пополнети согласно прописите за сметководство, а за нејзиниот прием се доставува електронска порака до подносителот.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/09).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 12-34730/7
31 декември 2012 година
Скопје

Министер
за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**268.**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за Агенција на Република Македонија за управување со средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2001), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА ВО БИЛАНСОТ НА АГЕНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА ОД ФОНДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на наплата на побарувањата во билансот на Агенција на Република Македонија за управување со средства од фондовите и јавните претпријатија.

Член 2

Побарувањата од член 1 на овој правилник потекнуваат од денарски и странски кредити, а наплатата на побарувањата од фондовите и јавните претпријатија во државна сопственост (во понатамошниот текст:должниците), се врши преку:

1.наплата на достасаните побарувања по редовен пат;

2.наплата по пат на репрограмирање на долгот со воспоставување на нови кредитни услови и

3.наплата на побарувањата во извршна и судска постапка.

Член 3

Наплатата на достасаните побарувања по редовен пат се врши согласно условите од оригиналните договори за кредит.

Член 4

Постапката за наплата на побарувањата по редовен пат се врши преку следење на навремената отплата на достасаните побарувања.

По пристигнување на секое поединечно побарување во рок од 30 дена се известуваат должниците за достасаниот (тековно доспеан и заостанат) долг, кој треба да го платат во рок од пет дена од приемот на известувањето.

Доколку должниците во предвидениот рок од став 2 од овој член не го платат долгот, во рок од 30 дена ќе се преземат мерки за наплата на побарувањата во извршна и судска постапка.

Член 5

Кај должниците кои ќе побараат репрограмирање на долгот и кои ќе доставаат документација со која ќе потврдат дека можат да го измират долгот во определен временски период, ќе се пристапи кон репрограм на долгот кој произлегува од денарски кредити и кредити од странски кредитори.

Потребната документација од став 1 на овој член ги опфаќа годишните финансиски извештаи како и извештај од надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на должниците.

Член 6

Репрограмирањето на долгот по одобрените кредити, ќе се врши во максимален рок до 13 години.

Плаќање на долгот на рати може да се одобри на следниот начин:

За обврски од 1-10.000.000,00 денари со шест месеци грејс период и две години рок на отплата;

За обврски од 10.000.000,00-50.000.000,00 денари со една година грејс период и четири години рок на отплата;

За обврски од 50.000.000,00-100.000.000,00 денари со две години грејс период и шест години рок на отплата;

За обврски од 100.000.000,00-500.000.000,00 денари со три години грејс период и осум години рок на отплата;

За обврски од над 500.000.000,00 денари со три години грејс период и десет години рок на отплата.

Начинот и постапката на плаќање на репрограмираниот долг се врши врз основа на договор.

Во рамките на грејс периодот, се пресметува и наплатува месечна интеркаларна камата во висина на есконтната каматна стапка на Народна банка на Република Македонија.

Член 7

На главницата на која ќе се одобри репрограм (која го вклучува вкупниот доспеан долг на пресечен датум по сите основи и тоа: главница, камата, провизија, затезна камата и друг доспеан долг) ќе се пресметува и наплатува месечна камата во роковите на доспеаност во висина на есконтната каматна стапка на Народна банка на Република Македонија.

Пресметката и наплатата на каматата ќе се врши на крајот на одреден временски период, односно по истекот на рокот за плаќање на долгот.

При пресметка на каматите деновите ќе се сметаат календарски.

Наплатата на ануитетот кој ја вклучува и пресметаната камата на репрограмираниот долг ќе се врши во рок од осум дена од денот на достасување за наплата.

Доколку должниците не ја измират првата рата од репрограмираниот долг, односно било кои други две последователни рати, во тој случај долгот достасува за наплата во целост и веднаш.

Член 8

Во случаите кога нема да се примени наплата на достасаните побарувања по редовен пат или наплата по пат на репрограмирање на долгот со воспоставување на нови кредитни услови, за доспеаниот, а неизмирен долг, може да се пристапи кон наплата на побарувањата и со поведување извршна или судска постапка пред надлежен суд согласно позитивните прописи.

Доколку должниците во предвидениот рок од член 4 став 2 од овој член не го платат долгот, во рок од 30 дена ќе се преземат мерки за наплата на побарувањата во извршна или судска постапка.

Извршната постапка ќе се поведе доколку има инструмент за обезбедување на побарувањето и истиот според проценетата вредност е поголем од побарувањето, односно е доволен за ефикасно намирување.

Во случаите кога нема обезбедување или истото е помало од висината на побарувањето, ќе се пристапи кон наплата на побарувањето и со поведување на судска постапка.

Член 9

Во случаите кога ќе биде поведена извршна или судска постапка, на писмено барање на должниците, може да се побара одлагање на поведената постапка, доколку должниците се обврзат дека ќе го измират долгот во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето и ќе ги сносат трошоците за извршувањето.

Доколку во рок од 30 дена од одлагањето на постапката, должниците не го измират долгот во целост, извршната, односно судската постапка ќе продолжи.

Поведената извршна, односно судска постапка, ќе се запре кога должниците во текот на постапката ќе го исплатат долгот.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-298/1 | Министер |
| 3 јануари 2013 година | за финансии, |
| Скопје | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**269.**

Врз основа на член 40 став (10) од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11 и 80/12) министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината на образецот и начинот на водење на регистарот за вршење на општокорисна работа.

Член 2

Регистарот за вршење на општокорисна работа (во понатамошниот текст:регистарот) се води во форма на книга со димензии 42х30 см изработена од тврди корици и нумерирани внатрешни страни кои се меѓусебно поврзани, во бела боја.

На предната страна од корицата на регистарот отпечатен е назив “РЕГИСТАР ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА “.

Внатрешните страни на регистарот содржат: реден број, име и презиме со единствен матичен број на лицето кое вршело општокорисна работа, ден и час на отпочнување на општокорисната работа, ден и час на завршување на општокорисната работа, вкупно работни часови на извршена општокорисна работа и број и датум на издадена потврда за извршена општокорисна работа.

Формата и содржината на регистарот се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистарот се води во пишана или електронска форма за секоја година посебно.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Број 01-24334 | Министер |
| 26 декември 2012 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески,** с.р. |

**ПРИЛОГ**

# РЕГИСТАР ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

| Реден број | Име и презиме со единствен матичен број на лицето кое вршело општокорисна работа | Ден и час на отпочнување на општокорисната работа | Ден и час на завршување на општокорисната работа | Вкупно работни часови на извршена општокорисна работа | Број и датум на издадена потврда за извршена општокорисна работа |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**270.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за Советот на Јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ“ бр.150/2007 година), и член 94 став 1 и став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр.150/07), Советот на јавните обвинители, на одржаната дванаесета седница на 9.1.2013 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ**

Член 1

Јавниот обвинител на Јавното обвинителство на Република Македонија

1. Љупчо Шврговски

се избира за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, без ограничување на траење на мандатот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОИ бр.1/13
9 јануари 2013 година
Скопје

Совет на јавни обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов,** с.р.

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**271.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11), постапувајќи по барањето на Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица, за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас, на седницата одржана на 9.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС**

1. На Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица, му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност дистрибуција на природен гас.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност дистрибуција на природен гас се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетската дејност дистрибуција на природен гас“ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

УП1 бр. 11- 208/12
9 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

ПРИЛОГ 1

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**
Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица, со седиште на ул. Боро Џони бр.10 Струмица, Република Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата:**
Дистрибуција на природен гас

**3. Датум на издавање на лиценцата:**
9 Јануари 2013 година

**4. Временски период на важење на лиценцата:**
35 години

**5. Датум до кога важи лиценцата:**
9 Јануари 2048 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца:**
ПГ - 17.03.1/13

**7. Број на деловниот субјект - 6007040**

**8. Единствен даночен број – 4027010511534**

**9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност дистрибуција на природен гас.

Како енергетска дејност дистрибуција на природен гас, во смисла на оваа лиценца се смета транспорт на природен гас низ дистрибутивен систем и управување

со системот за дистрибуција на природен гас на определено подрачје заради испорака на природен гас на купувачите, не вклучувајќи снабдување со природен гас.

**10. Подрачје на вршење на дејноста**

Енергетската дејност дистрибуција на природен гас носителот на лиценцата ќе ја врши преку дистрибутивен гасовод во град Струмица со вкупна должина од 12.150 метри. Гасоводот е поделен на 15 секции преку кои ќе се изврши опфат на целата територија на Струмица. Секција 1-2 со должина од 1.300 метри од Сачевски пат до ул. „Гоце Делчев“; секција 2-3 со должина од 720 метри се протега по бул. „Гоце Делчев“ до раскрсницата со ул.„Климент Охридски“; секција 3-13 со должина од 1.200 метри се протега во индустрискиот дел на градот од раскрсницата на ул.„Климент Охридски“; секција 2-16 со должина од 2.025 метри се протега во индустрискиот дел на градот по ул.„Климент Охридски“ и индустриската зона-Север; секција 3-4 со должина од 430 метри ја опфаќа ул.„Климент Охридски“ од раскрсницата на секцијата 3-13 кај „Жито Струмица“ до кракот со ул.„Братство Единство“ и дел од ул.„Младинска“; секција 4-5 со должина од 360 метри се протега на дел од ул.„Младинска“; секција 4-6 со должина од 300 метри се протега по ул.„Климент Охридски“ и продолжува кон ул. „Киро Минанов“ и дел од ул.„Браќа Миладинови“; секција 6-7 со должина од 240 метри продолжение од секција 4-6; секција 3-12 со должина од 1.280 метри се протега по ул.„Климент Охридски“ продолжувајќи низ бул.„Гоце Делчев“, ул „1-ви Мај“, ул.„Ванче Прке“, ул.„5-ти Ноември“ и ул.„Мито Хаџивасилев-Јасмин“; секција 6-8 со должина од 500 метри се протега во индустрискиот дел на градот од раскрсницата на ул.„Климент Охридски“ до самиот влез во градот; секција 8-9-10 со должина од 1.300 метри се протега во северниот дел на градот и улиците „Никола Тесла“, „Благој Мучето“, „Цветан Димов“, „Ѓуро Салај“ и ул.„Климент Охридски“; секција 9-11 со должина од 585 метри се протега во централниот дел на градот Плоштад „Гоце Делчев“, улиците „Моша Пијаде“, „Благој Јанков Мучето“, „Ленинова“, „24-ти Октомври“ и „27-ми Март“; секција 13-14 со должина од 810 метри се протега во јужниот дел од градот од ул.„Климент Охридски“ и се протега по улицата „Младинска“, „Маршал Тито“ и “Ѓорѓи Василев“ и секција 13-15 со должина од 1.100 метри го опфаќа јужниот дел од градот по ул.„Климент Охридски“ и ул. „Маршал Тито“.

Носителот на лиценцата ќе ја врши дејноста дистрибуција на природен гас во согласност со Законот за енергетика, другите прописи и Мрежните правила за пренос на природен гас, Мрежните правила за дистрибуција на природен гас, како и обврските определени со оваа лиценца.

**11. Објекти преку кои ќе се врши дистрибуција на природен гас**

Носителот на лиценцата ќе ја врши енергетската дејност дистрибуција на природен гас, од местото на приклучок со декомпресорската станица преку дистрибутивниот гасовод од полиетиленски цевки PE 100 SDR 11 со дијаметар DN355 во должина од 1.969 м, со дијаметар DN280 во должина од 758м, со дијаметар DN250 во должина од 2.263 м, со дијаметар DN200 во должина од 1.310 м, со дијаметар DN160 во должина од 1.348 м, со дијаметар DN140 во должина од 1.666 м, со дијаметар DN110 во должина од 865 м, со дијаметар DN90 во должина од 2.019 м и со дијаметар DN63 во должина од 400 м со работен притисок од 4 (bari), до мерно-регулационите станици (МРС) на местото на приклучокот на потрошувачите на природен гас приклучени на дистрибутивниот систем. Управувањето со системот за дистрибуција на природен гас, ќе се врши преку:

- уреди и опрема за прибирање на податоци и информации потребни за управување со системот за дистрибуција на природен гас и
- уреди и опрема за управување со системот за дистрибуција на природен гас.

**12. Обезбедување на приклучување и користење на дистрибутивната мрежа**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со начелата на објективност, недискриминаторност и транспарентност да обезбеди приклучување и користење на дистрибутивната мрежа за трети лица во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и врз основа на Мрежните правила за дистрибуција на природен гас.

**13. Обврски за носителот на лиценца**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди:

- сигурно, безбедно, економично и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила,
- сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на природен гас преку дистрибутивната мрежа на недискриминаторна и транспарентна основа,
- приклучување на потрошувачите на дистрибутивната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на дистрибутивниот систем, во согласност со Законот за енергетика и мрежните правила за дистрибуција, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела,
- развој, обновување и одржување на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот да ги задоволи разумните барања за дистрибуција на природен гас,
- изготвување план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за дистрибуција, негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика и негово објавување на веб страницата на операторот,
- потребните количини на природен гас за вршење на своите функции со транспарентни, недискриминаторни и пазарни процедури, според правила однапред одобрени од Регулаторната комисија за енергетика,
- мерење на количините природен гас што се испорачуваат на потрошувачите и доставување на податоците од мерењата до снабдувачите,

- да ги донесе мрежните правила за дистрибуција на природен гас во рок не подолг од три месеци од добивањето на лиценцата за дистрибуција на природен гас,

- пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со Законот за енергетика и мрежните правила за дистрибуција,

- изготвување на извештаи за финансискиот и физичкиот обем на планираните и реализирани услуги и нивно доставување до Регулаторната комисија за енергетика, на начин, услови и во рокови определени со оваа лиценца,

- водење на диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години, и

- доверливост на комерцијалните и деловни податоци за корисниците на дистрибутивниот систем.

**14. Планирање, одржување, развој и обнова на дистрибутивната мрежа**

Заради сигурно и ефикасно функционирање на дистрибутивната мрежа и управувањето со системот за дистрибуција на природен гас, носителот на лиценцата е должен да ја одржува, развива, проширува и надградува.

Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 10 март, до Регулаторната комисија да поднесе план за развој и проширување на дистрибутивната мрежа и план за развој и обнова на системот за управување со дистрибуцијата на природен гас за период од пет години, како и годишна програма за реализација на планот.

Планот за развој и проширување на дистрибутивната мрежа како и планот за развој и обнова на системот за управување со дистрибуцијата на природен гас особено треба да содржи:

- опис на постојната состојба на дистрибутивната мрежа;

- предвидувања за потреби од капацитет и функционалност на мрежата;

- локации каде се планира да се развива или надгради мрежата за дистрибуција на природен гас;

- опис на постојната состојба на системот за управување со дистрибуцијата на природен гас;

- локации каде се планира да се надгради системот за управување со дистрибуцијата на природен гас и

- финансиски извори за реализација на планот.

Носителот на лиценца согласно Законот за енергетика е должен до Регулаторната комисија за енергетика до 31 октомври секоја година, да достави на одобрување план за развој на дистрибутивниот систем во кој ќе бидат содржани сите неопходни информации за проширување и надградба на системот и истиот да биде објавен на веб страната на носителот на лиценца.

Носителот на лиценца согласно Законот за енергетика е должен до Регулаторната комисија за енергетика до 31 октомври секоја година, да достави едногодишни и петгодишни прогнози за потребите од природен гас за системот со кој управува.

Носителот на лиценца согласно Законот за енергетика е должен до Регулаторната комисија за енергетика да достави за одобрување програма за усогласување со која ќе предвидат мерки за спречување на дискриминаторно однесување и ќе се обезбедат соодветни обврски на вработените.

**15. Обезбедување на оперативна функционалност на дистрибутивната мрежа и системот за управување со системот за дистрибуција на природен гас**

Заради обезбедување оперативна функционалност на дистрибутивната мрежа и на системот за управување на дистрибуцијата на природен гас, носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди целосна опременост на дистрибутивната мрежа со заштитни, контролни и примарни уреди за вклучување/исклучување со кои ќе се обезбеди брза и ефикасна заштита на мрежата во случај на дефекти и хаварии;

- во случај на дефекти и хаварии обезбеди брзо враќање на притисокот на природниот гас и воспостави правилно функционирање на дистрибутивната мрежа.

**16. Надзор, контрола, прибирање и обработка на податоци**

Носителот на лиценцата е должен да инсталира, одржува и развива уреди и опрема:

- за следење и контрола на функционирањето на системот за дистрибуција на природен гас;

- за прибирање на податоци и информации потребни за управување со системот за дистрибуција на природен гас;

- за управување со системот за дистрибуција на природен гас;

- за телекомуникација;

- со кои се обезбедува софтверска обработка на податоците и

- со кои се обезбедува оперативна комуникација во вршењето на дејноста и комуникација со корисниците на дистрибутивната мрежа.

**17. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен :

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**18. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на дејноста дистрибуција

на природен гас и управување со системот за дистрибуција на природен гас ги добива од корисниците на мрежата за дистрибуција на природен гас.

**19.Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за делокругот на своето работење, како и извештај за финансиското и деловното работење во претходната година (извештајна година).

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на дистрибуција на природен гас и начинот на управувањето со системот за дистрибуција на природен гас во текот на извештајна година (вкупна количина на дистрибуиран природен гас, број на опслужени корисници);

2. годишна сметка и финансиски извештај составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики,
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди,и
- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца
- податоци за секоја трансакција која се вршела помеѓу неговите подружници и други претпријатија;
- спроведување на обврската за поседување на раздвоени сметки, забрана за меѓу-субвенционирање и недискриминација.

3. превземени мерки во текот на извештајна година, за:

- заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- заштита при работа;
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на дејноста;
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење;
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста;
- обезбедување на енергетска ефикасност;
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4. остварување на годишната програма за реализација на планот за развој и проширување на дистрибутивната мрежа, во претходната година;

5. извршување на програма за ремонти во извештајна година;

6. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи во врска со дејноста;

7. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

8. оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година;

9. бизнис план за тековната година

10. реализација на обврската за информирање на потрошувачите и превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

**20. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува месечни, квартални и годишни извештаи за бројот и времетраењето на планираните и непланираните прекини по ниво на работниот притисок, како и за причините за нивното настанување.

Носителот на лиценцата е должен да ја известува Регулаторната комисија за енергетика за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.

**21. Обврска за овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**22. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца може да се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**23. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**272.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11), постапувајќи по барањето на Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица, за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување на природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, на седницата одржана на 9.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС**

1. На Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифни потошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас “ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 11- 209/12
9 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица, со седиште на ул. Боро Цони бр.10 Струмица, Република Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас.

**3. Датум на издавање на лиценцата:**

9 Јануари 2013 година

**4. Период на важење на лиценцата:**

10 години

**5. Датум до кога важи лиценцата:**

9 Јануари 2023 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца:**

ПГ-18.08.1/13

**7. Број на деловниот субјект - 6007040**

**8. Единствен даночен број -4027010511534**

**9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас .

Како снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, во смисла на оваа лиценца се смета набавка и продажба на природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на подрачјето на општина Струмица, согласно пропишани тарифи и цени и други правила и прописи за снабдување на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас.

**10. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста:**

Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица ќе ја врши енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас согласно со Законот за енергетика, со обезбедување на сигурно и континуирано снабдување на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, преку дистрибутивниот систем во подрачје на град Струмица со кој управува Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА ГАС Струмица. Начинот на снабдување е со склучување на регулирани договори со снабдувачи/трговци на природен гас, регулирани договори со вршителот на енергетските дејности пренос и управување со системот за пренос на природен гас и склучување на договори за снабдување на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција во согласност со условите определени во лиценцата за снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, носителот на лиценцата ќе ја врши на територија на град Струмица.

**12. Право на пристап до објектот на корисникот**

Носителот на лиценцата има право на:

- пристап на секој имот или објект до броилото заради контрола, вградување, надзор, промена и замена на броилото и

- пристап на секој имот или објект до броилото заради исклучување на испораките на природен гас, во случај кога потрошувачот не ги исполнил обврските согласно договорот за снабдување или роковите и условите за давање на услуга.

**13. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречено и континуирано снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во согласност со склучените договори;
- ги достави до Регулаторната комисија за енергетика регулираните договори со трговците на природен гас и регулираните договори со вршителот на дејност пренос на природен гас,
- обезбеди природен гас со квалитет согласно склучените договори, како и пропишаните норми за квалитет;
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- ги почитува Мрежните правила за дистрибуција на природен гас и техничките правила и стандарди за работа на системот за дистрибуција на природен гас;
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

**14. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен :

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**15. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

1. Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за финансиското и деловното работење во врска со вршењето на дејноста во претходната година (извештајна година).

2. Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. набавка и продажба на природен гас во текот на извештајна година.

2. Финансиски извештаи:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики,
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, и
- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца

3. превземени мерки во текот на извештајна година, за:

- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на дејноста;
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење;
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста;
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4. состојба со кадровска екипираност за извршување на поделни задачи во врска со дејноста;

5. оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година; и

6. бизнис план за тековната година.

**16. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста до Регулаторната комисија за енергетика**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за количините на природен гас, согласно договорите за снабдување со природен гас, склучени со тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас.
- месечни извештаи за набавени и продадени количини на природен гас, согласно Табелата 1, која е составен дел на оваа лиценца.
- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.
- други податоци во врска со вршењето на дејноста.

**17. Обврска за овозможување на непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**19. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог: Табела 1

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ПРИРОДЕН ГАС ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦ ______________, ________ ГОДИНА

(во нм$^3$)

| ИМЕ НА ТАРИФЕН ПОТРОШУВАЧ | ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦОТ | | ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ ОД ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА | |
|---|---|---|---|---|
| | Планирано согласно Договор | Реализирано | Планирано согласно Договор | Реализирано |
| 1........<br>2........<br>3........<br>4........<br>5........ | | | | |
| ВКУПНО | | | | |

**273.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 48 став 1 алинеа 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 54 став 8 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11), постапувајќи по известувањето од Државниот пазарен инспекторат бр. 07-1197/1 од 17.12.2012 година и Записникот бр. 0895-3738 од 12.12.2012 година, на седницата одржана на 10.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ – ТРГОВИЈА СО ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЕЛ-1**

1. На Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги „ЕУРО ПЕТРОЛ“ ДОО Чешиново- Облешево- Кочани, му се одзема лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт- Трговија со Екстра лесно масло ЕЛ-1, со евидентен број на издадената лиценца НД-23.03.1/11 од 09.02.2011 година.

Лиценцата се одзема поради невршење на дејноста за која е издадена лиценцата на начин и услови пропишани со Законот за енергетика и други прописи.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на web страната на Регулаторната комисија за енергетика.

УП1 бр. 11- 125/12
10 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**274.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 48 став 1 алинеа 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 54 став 8 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11), постапувајќи по известувањето од Државниот пазарен инспекторат бр. 07-1197/1 од 17.12.2012 година и Записникот бр. 08198-2022 од 30.11.2012 година, на седницата одржана на 10.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги „ПУЦКО ПЕТРОЛ“ увоз-извоз ДОО с.Ижиште- Македонски Брод, му се одзема дел од лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, со евидентен број НД-26.03.1/11 од 13.04.2011 година.

Делот од лиценцата кој се одзема се однесува на вршење на дејноста Трговија со Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС ( Д-Е V).

Лиценцата се одзема поради невршење на дејноста за која е издадена лиценцата на начин и услови пропишани со Законот за енергетика и други прописи.

За дејноста Трговија со Екстра лесно масло за домаќинство, лиценцата останува во сила.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија и на web страната на Регулаторната комисија за енергетика.

УП1 бр. 11- 126/12
10 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**275.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 48 став 1 алинеа 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 54 став 8 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11), постапувајќи по известувањето од Државниот пазарен инспекторат бр. 07-1197/1 од 17.12.2012 година и Записникот бр. 08-02 од 13.12.2012 година, на седницата одржана на 10.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НЕОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

1. На Друштвото за производство, за промет и услуги „С-ИГОР“ увоз-извоз ДООЕЛ, Кичево, не му се одзема лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт со евидентен број на издадената лиценца НД-24.03.1/11 од 28.03.2011 година.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија и на web страната на Регулаторната комисија за енергетика.

УП1 бр. 11- 127/12
10 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**276.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 48 став 1 алинеа 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 54 став 8 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11), постапувајќи по Известувањето од Државниот пазарен инспекторат бр. 07-1197/1 од 17.12.2012 година година, на седницата одржана на 10.1.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ–ТРГОВИЈА СО ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЕЛ-1 И ЕУРОДИЗЕЛ БС

1. На Друштвото за трговија и услуги „ЕМИ ПЕТРОЛ“ Постолов и други ДОО увоз-извоз Радовиш му се одзема лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт- Трговија со екстра лесно масло ЕЛ-1 и Еуродизел БС, со евидентен број на издадената лиценца НД-32.03.1/11 од 05.09.2011 година.

Лиценцата се одзема поради невршење на дејноста за која е издадена лиценцата на начин и услови пропишани со Законот за енергетика и други прописи.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на web страната на Регулаторната комисија за енергетика.

УП1 бр. 11- 128/12
10 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**277.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 48 став 1 алинеа 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 54 став 8 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11), постапувајќи по известувањето од Државниот пазарен инспекторат бр. 07-1197/1 од 17.12.2012 година и Записникот бр. 08-151-3287 од 15.11.2012 година, на седницата одржана на 10.1.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ–ТРГОВИЈА СО ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО ЕЛ-1, ЕУРОСУПЕР БС-95 И ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги „АЛМА КОМЕРЦ“ Ангел Пецов ДОО експорт-импорт Неготино, му се одзема лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт- Трговија со Екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1, Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС ( Д-Е V), со евидентен број на издадената лиценца НД-19.03.1/10.2/11 од 5.5.2010 година.

Лиценцата се одзема поради невршење на дејноста за која е издадена лиценцата на начин и услови пропишани со Законот за енергетика и други прописи.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија и на web страната на Регулаторната комисија за енергетика.

УП1 бр. 11- 129/12
10 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**278.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 48 став 1 алинеа 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011) и член 54 став 8 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11), постапувајќи по известувањето од Државниот пазарен инспекторат бр. 07-1197/1 од 17.12.2012 година, на седницата одржана на 10.1.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И БИОГОРИВА И МЕШАВИНА НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ СО БИОГОРИВА

1. На Трговското друштво за производство, услуги и трговија, Николоски Димитрија „ДИМЕ ПЕТРОЛ“ увоз-извоз с.Мешеишта ДООЕЛ Дебарца, му се одзема лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива, со евидентен број на издадената лиценца НД-16.03.1/10 од 05.05.2010 година.

Лиценцата се одзема поради невршење на дејноста за која е издадена лиценцата на начин и услови пропишани со Законот за енергетика и други прописи.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на web страната на Регулаторната комисија за енергетика.

УП1 бр. 11- 130/12
10 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**279.**

Врз основа на член 22, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 11.01.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИМЕНА НА ЦЕНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, му се одобрува да го применува регулираниот максимален приход за производство на топлинска енергија за греење и тарифни ставови, согласно со Одлуката број УП1 бр. 08-167/12 од 27.07.2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр.96/12) и Одлуката УП1 Бр.08-167/12 од 27.12.2012 година („Службен весник на РМ“ бр. 168/2012).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-03/13
11 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**280.**

Врз основа на член 22, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 11.01.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИМЕНА НА ЦЕНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, му се одобрува да го применува регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија за греење и тарифни ставови, согласно со Одлуката УП1 бр. 08-166/12 од 27.07.2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр.96/12) и Одлуката УП1 Бр.08-167/12 од 27.12.2012 година („Службен весник на РМ“ бр.168/2012).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-04/13
11 јануари 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**281.**

Врз основа на член 22, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 11.01.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИМЕНА НА ЦЕНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, му се одобрува да ги применува регулираните максимални приходи и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топ-

линска енергија, согласно со Одлуките: УП1 бр.08-168/12, УП1 бр.08-162/12, УП1 бр. 08-165/12 од 27.07.2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр.96/12) и Одлуката УП1 Бр.08-167/12 од 27.12.2012 година („Службен весник на РМ“ бр. 168/2012).

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-05/13
11 јануари 2013 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров,** с.р.

---

# СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**282.**

Советот за радиодифузија на РМ врз основа на член 37, став 1, точки 2 и 5, член 63, став 1, алинеја 4 и член 31, став 3 од Законот за радиодифузната дејност (“Сл.весник на РМ”, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12) и член 23 став 4 и став 5 од Правилникот за процедурите на финанискотo и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на Република Македонија, бр.01-2796/1 од 25.05.2012 година (“Сл.весник на РМ”, бр.64/2012), а во согласност со член 64 на истиот закон и Заклучокот на Советот, бр.02-70/2 од 09.01.2013 година, на 2-та (јавна) седница одржана на 09.01.2013 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ НА ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, КУМАНОВО

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата, бр.07-438 од 28.12.2010 година, за вршење радиодифузна дејност на Трговско радиодифузно друштво МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово, поради неплаќање на надоместокот за дозволата во рокот утврден во дозволата.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Трговското радиодифузно друштво МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово, веднаш, а најдоцна во рок од 8 (осум) дена по приемот на оваа одлука да го плати доспеаниот, а неплатен дел од годишниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност, во вкупен износ од 3.471,00 денари, по Фактура бр.001/2013 (арх.бр.05-112/1) од 09.01.2013 година, кој се однесува само на периодот на работењето, односно од 04.12.2012 година заклучно до 08.01.2013 година.

3. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука да се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

### О б р а з л о ж е н и е

Советот за радиодифузија на РМ на својата 61-ва седница одржана на 21-ви декември 2012-та година, врз основа на член 63, став 1, алинеја 4 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност (“Сл.весник на РМ”, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12), а согласно со Заклучокот на Советот, бр.02-6403/5 од 24.12.2012 година, иницираше постапка за одземање на дозволата, бр.07-438 од 28.12.2010 година, за вршење радиодифузна дејност на ТРД МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово, кој по доставената Пресметка, бр.140/2012 од 04.12.2012 година, во утврдениот рок од 15 дена, не изврши плаќање на надоместокот за вршење радиодифузна дејност во износ од 35.190,00 денари. Во врска со наведеното, Советот одлучи на радиодифузерот да му упати последно предупредување за плаќање на долгот кон Советот, известувајќи го дека во спротивно согласно иницираната постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот ќе донесе одлука за одземање на истата.

Согласно Заклучокот на Советот, бр.02-6403/5 од 24.12.2012 година, на ТРД МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово, му беше доставено Последно предупредување, бр.05-6506/1 од 24.12.2012 година, за подмирување на долгот кон Советот.

Во врска со горе наведеното, Советот за радиодифузија на РМ на 2-та (јавна) седница, одржана на 09.01.2013 година, меѓу другото ја разгледа Информа-

цијата за ТРД МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово, по иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Видно од Информацијата, се констатираше дека и покрај упатеното Последно предупредување од страна на Советот, Трговско радиодифузно друштво МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово, заклучно со 18.12.2012 година, не ја исполни обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата, бр.07-438 од 28.12.2010 година, пропишана согласно член 60 од Законот за радиодифузната дејност, односно не го плати доспеаниот, а неплатен годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност, а по доставената Пресметка, бр.140/2012 од 04.12.2012 година, на износ од 35.190,00 денари.

Со оглед на погоре утврдената фактичка состојба, а имајќи ги предвид одредбите содржани во член 63 став 1, алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност и член 23 став 4 од Правилникот за процедурите на финаниското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на Република Македонија, бр.01-2796/1 од 25.05.2012 година ("Сл.весник на РМ", бр.64/2012), Советот констатираше дека се исполнети законските претпоставки за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-438 од 28.12.2010 година, на Трговско радиодифузно друштво МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово.

Следствено на тоа, Советот на 2-та (јавна) седница, одржана на 09.01.2013 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-70/2 од 09.01.2013 година, донесе одлука како во диспозитивот.

ТРД МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово се задолжи да го плати доспеаниот, а неплатен дел од годишниот надоместок за дозволата, во вкупен износ од 3.471,00 денари, кој се однесува само на периодот на работењето, односно од 04.12.2012 година заклучно со 08.01.2013 година, за што Советот, согласно член 23 став 5 од Правилникот за процедурите на финаниското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-2796/1 од 25.05.2012 година ("Сл.весник на РМ", бр.64/2012), му издаде фактура, бр.05-112/1 од 09.01.2013 година.

Согласно член 65, став 2 од Законот за радиодифузната дејност, тужбата против оваа одлука, не го одлага извршувањето на одлуката.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-04 | Совет за радиодифузија на РМ |
| 10 јануари 2013 година | Претседател, |
| Скопје | м-р **Зоран Трајчески,** с.р. |

Упатство за правно средство: Против одлуката за одземање на дозволата, Трговско радиодифузно друштво МОНАКО-РАДИО СИТИ ФМ ДООЕЛ, Куманово има право во рок од 15 дена од денот на добивањето на одлуката да поднесе тужба до надлежен суд.

---

**283.**

Советот за радиодифузија на РМ врз основа на член 37, став 1, алинеја 5 и член 62, став 1, алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност ("Сл.весник на РМ" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011 и 13/2012), а во согласност со член 19, став 2, алинеја 10 и член 20, став 1, алинеја 1 и 3 од Деловникот за работа на Советот (Пречистен текст) и Заклучокот на Советот бр.02-70/12 од 10.01.2013 година, постапувајќи по Изјавата, бр.07-439 од 26.12.2012 година, на Ристе Здравков управител на ТРД „РАДИО РАВЕЛ" ДООЕЛ Скопје, за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-1955/1 18.06.2007 година, на 2-та (јавна) седница, одржана на 09.01.2013 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТА НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ НА ТРД „РАДИО РАВЕЛ" ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. СЕ УВАЖУВА Изјавата, бр.07-439 од 26.12.2012 година, на Ристе Здравков управител на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ" ДООЕЛ Скопје, за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-1955/1 18.06.2007 година.

2. ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ дозволата, бр.07-1955/1 18.06.2007 година, за вршење радиодифузна дејност за терестријално емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две

од трите медиумски функции, на македонски јазик, со опфат на слушаност на регионално ниво – Скопје, на имателот ТРД „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје.

3. Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје, нема долг кон Советот за радиодифузија на РМ.

4. Ова решение влегува во сила по неговата конечност и истото ќе се објави во Службен весник на РМ.

О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за вршење радиодифузна дејност за терестријално емитување на програмски сервис говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, со опфат на слушаност на регионално ниво – Скопје, бр.07-1955/1 18.06.2007 година, која Советот за радиодифузија на РМ му ја издаде на наведениот субјект врз основа на Одлуката, бр.02-1628/2 од 30-ти мај 2007, која Советот за радиодифузија на РМ, по спроведениот Јавниот повик („Сл.весник на РМ“, бр.21/07), ја донесе на својата 12-та седница, одржана на 29.05.2007 година.

Управителот на предметниот радиодифузер, Ристе Здравков, на 26-ти декември 2012-та година до Советот за радиодифузија на РМ, достави изјава, бр.07-439 од 26.12.2012 година, (Заверена кај Нотар, бр.УЗП 9557/12 од 25.12.2012), во која истакнува дека заклучно со 24.12.2012 година, наведениот радиодифузер престанува со емитување радио-програма, и дека врз основа на член 62, став 1, алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност бара престанок на важноста на дозволата за вршење радидифузна дејност на ТРД „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје.

Со оглед дека согласно член 62, став 1, алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност (“Сл.весник на РМ“ бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011 и 13/2012), дозволата престанува да важи со писмена изјава на имателот со која се известува Советот за радиодифузија на РМ дека престанува со емитувањето на радио/телевизиска програма, а имајќи предвид дека управителот на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје, Ристе Здравков даде изјава дека на 24.12.2012 година, престанува со емитувањето на радио програма, Советот констатира дека се исполнети законските претпоставки за престанок на важноста на предметната дозвола за вршење радиодифузна дејност. Врз основа на тоа, Советот ја уважи Изјавата, бр.07-439 од 26.12.2012 година, на Ристе Здравков управител на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје.

Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје, нема долг кон Советот за радиодифузија на РМ.

Следствено на сето погоре наведено, Советот за радиодифузија на РМ, постапувајќи по Изјавата, бр.07-439 од 26.12.2012 година, на Ристе Здравков управител на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје, за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-1955/1 18.06.2007 година, врз основа на член 37, став 1, алинеја 5 и член 62, став 1, алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност (“Сл.весник на РМ“ бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011 и 13/2012), а во согласност со член 19, став 2, алинеја 10 и член 20, став 1, алинеја 1 и 3 од Деловникот за работа на Советот (Пречистен текст) и Заклучокот на Советот бр.02-70/12 од 10.01.2013 година, донесе решение како во диспозитивот.

Согласно член 211, став 5 од Законот за општата управна постапка (“Сл. весник на РМ“ бр. 38/2005, 110/2008) и одредбите од Законот за радиодифузната дејност (“Сл.весник на РМ“ бр.100/05, 19/07, 103/2008, 152/2008, 06/2010, 145/2010, 97/2011 и 13/2012), се утврди дека тужбата не го одлага извршувањето на решението.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-156/1 | Совет за радиодифузија на РМ |
| 10 јануари 2013 година | Претседател, |
| Скопје | м-р **Зоран Трајчески,** с.р. |

Упатство за правно средство: Против ова решение, незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на РМ во рок од 15 дена по приемот на истото.

# ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**284.**

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 1 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„) бр.158/10, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Примената на Одлуката за донесување детален урбанистички план вон населено место за ГП 1 во Блок 4.3 на КП 2617/1 и КП 2618/1 КО Коњско (дел од туристички комплекс “Св.Стефан “) општина Охрид 2011-2021, бр.07-5169/3, од 28-11-2012 година, донесена од Советот на Општина Охрид, објавена во („Службен гласник на Општина Охрид„) бр.12/2012, СЕ ЗАПИРА.

О б р а з л о ж е н и е

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„) бр.158/10, по службена должност изврши надзор над законитоста на прописите донесени од Советот на општина Охрид, објавени во („Службен гласник на Општина Охрид„) бр. 12/2012, кои Градоначалникот на Општина Охрид согласно членот 71 став 1 од Законот за локалната самоуправа ги достави до овој Орган на 21-12-2012 година, и утврди дека Одлуката за донесување детален урбанистички план вон населено место за ГП 1 во блок 4.3 на КП 2617/1 и КП 2618/1 КО Коњско (дел од туристички комплекс “Св. Стефан“) општина Охрид 2011 – 2021, бр.07-5169/3 од 28-11-2012 донесена од Советот на општина Охрид, не е во согласност со член 25 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.“) бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12.

Според член 25 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, цитираната законска одредба: „На плановите од членот 7 точка 2 (меѓу кои и детален урбанистички план утврден во член 7 точка 2 алинеја 4) од овој закон, изработени во форма на Предлог на план се дава согласност од органот на државната управа надлежен за работите на уредувањето на просторот, со која се потврдува дека плановите се изработени согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Од фактите утврдени при извршениот вонреден инспекциски надзор на ден 25.12.2012 година, на законитоста над постапката на донесувањето (според член 5 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа) на Одлуката бр.07-5169/3, не е во согласност со горе споменатата одредба, бидејќи не е добиена согласност од Министерството за транспорт и врски, како надлежен орган за издавање на согласност

Запрената одредба не е законита, бидејќи Советот на општина Охрид ја донел Одлуката за донесување детален урбанистички план вон населено место за ГП 1 во блок 4.3 на КП 2617/1 и КП 2618/1 КО Коњско (дел од туристички комплекс “Св. Стефан“) општина Охрид 2011 – 2021, бр.07-5169/3 од 28-11-2012, без да добие претходна согласност.

Со оглед на тоа дека Советот на општина Охрид, со запрената Одлука, донел детален урбанистички план, кое со закон не е пропишано, Државниот инспекторат за локална самоуправа, врз основа на член 23 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“) бр.158/10. Одлучи како во диспозитивот.

Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Македонија“), и во web страната на МЛС во делот на ДИЛС

Доставено до: Градоначалникот на општина Охрид и Претседателот на Совет на општина Охрид.

ПРАВНА ПОУКА : Согласно член 23 став 5 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа( “Службен весник на Република Македонија”, бр.158/10), против ова Решение е дозволена жалба до министерот за локална самоуправа во рок од три дена од денот на приемот на решението.Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Директор,
**Ванчо Шехтански,** с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2013007